# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д<br>02.05.2012 год.<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 47** |
|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

### З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2011 ГОДИНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на финансискиот план за 2011 година на Центарот за развој на Југозападниот плански регион , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/3**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2011 ГОДИНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за реализација на финансискиот план за 2011 година на Центарот за развој на југозападниот плански регион.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 07 -1626/3**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 26 точка 2 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.весник бр. 63/2007), согласно член 4 точка 15, и согласно член 12 од Одлуките за основање на Центар за развој на Југозападниот плански регион, Раководителот на Центарот го доставува годишниот :

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализација на финансискиот план за 2011 година**

***1.Основање и цели на Центарот за развој на Југозападниот плански регион***

Центарот за развој на Југозападниот плански регион е основан од 13 единици на локална самоуправа кои што се во состав на Југозападниот плански регион. Центарот за развој ги врши стручните и административно-техничките работи за Советот за развој а кои се од значење за развојот на Југозападниот плански регион, односно во насока на остварување на целите и начелата на политиката на рамномерен и одржлив развој.

***2.Извори на финансирање***

Согласно член 27 од Законот за рамномерен регионален развој, приходите за финансирање на активностите и програмите за работата на Центрите за регионалниот развој се остваруваат од следните извори:
- Буџетот на Република Македонија
- Буџетите на ЕЛС
- фондовите на Европската Унија
- други меѓународни извори
- донации и спонзорства од физички и правни лица
- други средства утврдени со закон

***3.Реализација на финансискиот план***

Врз основа на дефинираните цели и со закон утврдените извори на приходи, а поаѓајќи од утврдените програми и потреби за непречено функционирање на Центарот за развој на Југозападниот плански регион, Советот за развој на Југозападниот плански регион на седницата одржана на 27.12.2010 година го усвои Финансискиот план за работа на Центарот за развој на Југозападниот плански регион за 2011 година.

***3.1 Приходи***

Проектираните приходи се однесуваа за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година и беа утврдени на вкупен износ од 66.788.796 денари. Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година остварени се вкупни приходи во вкупен износ од 13.730.588 денари или 20,56% од предвидените приходи со Финансискиот план за 2011 година. Износот на пренесените средства од буџетската 2010 година е 6.797.223 денари, а бидејќи истиот е вкалкулиран во планираните средства за 2011 година , тогаш вкупниот процент на реализација на приходите е 30,73%. Нискиот процент на реализација на планираните приходи пред се се должи на неостварените приходи во висина од 41.051.945 денари по основ на капитални трансфери од Програмата за рамномерен и одржлив регионален развој и програмата за атрактивни плански региони за 2009 и 2010 година заради направен ребаланс на националниот буџет во повеќе наврати. Исто така не се остварени приходи од сопствено учество на општините во проектите од споменатите програми. Иако Центарот достави предлог проекти за компонентата ИПА2 - прекугранична соработка и со Албанија и со Грција, како и за ИПА4 компонента, за некои од нив сеуште нема конечна одлука а еден дел се одбиени без образложение.

Предвидените приходи од капитални трансфери се на основа на доставените проекти до Бирото за регионален развој во 2009 и во 2010 година. Заради финансиската криза беше направен ребаланс на буџетот на РМ, и предвидените средства во Програмата за рамномерен и одржлив регионален развој и Програмата за атрактивни плански региони беа намалени. Исто така и покрај сите превземени институционални мерки за пренамена на средства кои беа одобрени за проекти во 2009 година, заради недостаток на средства во буџетот на РМ барањето за пренамена беше одбиено. Вредно е да се напомене дека од предвидените средства за сопствено учество на општините во проектите за 2009 во износ од 2.049.054,00 денари, реализирани се само 8,13% или 166.747 во номинален износ.

Во финансискиот план за 2011 беа проектирани 15.360.800 денари за проектите кои беа доставени до Бирото за регионален развој во 2010 година. Но заради намалување од 40% на средствата за рамномерен регионален развој во националниот буџет, договор беше потпишан во мај 2011 година за шест проекти во износ од 12.074.294 денари. Овие проекти се реализираа во втората половина од 2011 година, и планираното сопствено учество на општините изнесуваше 2.919.916 денари но за жал реализирани се 0%. Значајно е да се спомене дека во однос на планираните приходи по основ трансфери од буџетите на ЕЛС кои партиципираат во Југозападниот плански регион, остварени се 11,79 % од планираните или искажано во номинален износ од планираните 4.452.287 денари, остварени се само 525.075 денари. Нискиот процент на реализација на приходи по овој основ се должи на неизмирените обврски на Општините кон Центарот за развој на Југозападниот плански регион. Да напоменеме дека од средствата од буџетот на РМ преку Министерството за локална самоуправа за 2010 година во висина од 1.200.000 денари, согласно Договорот за кофинансирање за 2010 година беа трансферирани само 900.000 денари. Заради нискиот степен на уплата од страна на ЕЛС 300.000 денари од МЛС се неповратно изгубени. Исто така заради нискиот степен на уплата од страна на ЕЛС средствата од буџетот на РМ преку МЛС за 2011 година во номинален износ од 1.200.000 денари, согласно Договорот за кофинансирање, во тековната 2011 година не се трансферирани од страна на МЛС и истите се пренесени во Програмата на МЛС за 2012 година. Значи, заради неизмирување на обврските од страна на ЕЛС согласно Договорите за кофинансирање за 2009, 2010 и 2011 година Центарот не може да ги добие ни средствата од националниот буџет преку МЛС. Како илустрација на годишно ниво процентот на реализација на приходите за тековно работење (збирно ЕЛС и МЛС) за 2009 година изнесува 79,87%, за 2010 година е 57,43% додека за 2011 година е само 5,42%.

***3.2 Расходи***

Поради отстапувањата на планираните и реализираните приходи, соодветно се рефлектира и појава на диспаритет на утврдените со финансискиот план расходи и реализираните трошоци. Во 2011 година реализирани се расходи во вкупен износ од 6.793.274 денари или процентуално искажано 10,17 %. Процентот на реализација значително би бил подобрен доколку се реализираа средствата по основ на капитални трансфери.Разликтата помеѓу остварените приходи и реализираните трошоци во износ од 6.924.986 денари се пренесени како Вишок на приходи и соодветно наменети во финансискиот план за 2012 година. Структурно прикажани расходите се реализирани за следните трошоци:

- за плати, придонеси и даноци на вработените во Центарот реализирани се расходи во вкупен износ од 2.392.947 денари или 35,22% од вкупните расходи во 2011 година.
- за комунални услуги, греење комуникација и транспортни и патни трошоци реализирани се расходи во вкупен износ од 438.550 денари или 6,45 % од вкупните расходи.

- за капитални расходи односно проектни активности во рамките на регионалните проекти обезбедени во 2009 година од БРР потрошени се 2.926.538 денари или 43,08% од вкупните расходи во 2011 година.
- за капитални расходи односно проектни активности во рамките на регионалните проекти обезбедени во 2010 година од БРР потрошени се 403.937 денари или 5,95 % од вкупните расходи во 2011 година.
- за материјали, ситен инвентар и услуги (претплата на весници, стручна литература, канцелариски и АОП материјали, софтвер) потрошени се 139.085 денари или 2,05 % од вкупните расходи во 2011 година.
- за други договорни услуги поврзани со тековното работење на Центарот (хигиеничарски, книговодствени, финансии и јавни набавки, ревизорски, научни, инжинерски, писмен превод и лекторирање, симултан и консекутивен превод) реализирани се 313.011 денари или 4,61 % од вкупните расходи во 2011 година.
- останатите расходи во износ од 179.206 денари или 2,64 % од вкупните расходи, се однесуваат на трошоци за персонален данок, патни трошоци, поправки и одржување, техничко обезбедување објект и опрема, осигурување на опрема и вработени, репрезентација и поштенски услуги.

***4. Обврски на Центарот***

Согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници во целост е применет принципот на усогласување на превземени обврски и исплата на истите во тековната буџетска година, односно Центарот настанатите обврски за тековно работење во 2011 година во целост ги реализирал така што нема пренесени обврски во наредната година, освен обврските кои не се доспеани заклучно со 31.12.2011 година. Што се однесува до обврските поврзани со реализација на проектите од 2010 година заклучно со 31.12.2011 Центарот има обврски во износ од 8.320.317. Со оглед на фактот што средствата за реализираните активности од споменатите проекти Министерството за локална самоуправа ги трансферираше на сметката на Центарот на 29.12.2011, невозможно беше до крајот на годината да се подмират овие обврски бидејќи трезорот беше затворен за налози до првата третина од јануари 2012.

***5. Побарувања***

Согласно Законот за рамномерен регионален развој и Одлуките за основање на Центар за развој на Југозападниот плански регион, обврска е секоја Општина да партиципира за тековното работење на Центарот за развој на Југозападниот плански регион со средства во износ од 10 денари по глава на жител. Според утврдените параметри, но и согласно Договорот бр.08-1508/4 за кофинансирање на Центарот за 2009 година и Договорот бр.08-1873/1 за 2010 година, и Договорот за кофинансирање бр.08-783/2 за 2011 година потпишан меѓу Мистерството за локална самоуправа и општините во состав на Југозападниот плански регион, по овој основ Центарот требаше да реализира вкупни приходи во износ од 8.538.855 денари. Од проектираните приходи по овој основ заклучно со 31.12.2011 година реализирани се вкупно 3.338.390 денари, а тоа е врз основа на уплати и од општините и од Министерството за локална самоуправа. Заради слаба уплата од општините МЛС не пренесе средства во износ од 300.000 кои беа според Договорот за 2010 година, туку само 1.200.000 се пренесени за 2011

година. Од тие причини износот од 5.200.465 денари е пренесен во 2012 година и заедно со проектираните средства за истата година изнесува 8.615.925 денари.

Синтетиката на побарување по овој основ дадена е во следната табела:

| Бр. | Име наопштина | Износ по Договор 2009 | Износпо Договор 2010 | Износ по Договор 2011 | Уплатен износ | Разлика за уплата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вевчани | 12.330 | 24.330 | 24.330 | 24.330 | 36.660 |
| 2 | Вранешница | 6.610 | 13.220 | 13.220 | 0 | 33.050 |
| 3 | Дебар | 97.710 | 195.420 | 195.420 | 97.710 | 390.840 |
| 4 | Дебрца | 27.535 | 55.070 | 55.070 | 82.605 | 55.070 |
| 5 | Другово | 16.245 | 32.490 | 32.490 | 80.139 | 1.086 |
| 6 | Зајас | 58.025 | 116.050 | 116.050 | 128.025 | 162.100 |
| 7 | Кичево | 150.690 | 301.380 | 301.380 | 503.658 | 249.792 |
| 8 | Македонски Брод | 35.705 | 71.410 | 71.410 | 0 | 178.525 |
| 9 | Осломеј | 52.100 | 104.200 | 104.200 | 208.300 | 52.200 |
| 10 | Охрид | 278.745 | 557.490 | 557.490 | 0 | 1.393.725 |
| 11 | Пласница | 22.725 | 45.450 | 45.450 | 0 | 113.625 |
| 12 | Струга | 316.888 | 633.776 | 633.776 | 550.648 | 1.033.792 |
| 13 | Центар Жупа | 32.595 | 65.190 | 65.190 | 162.975 | 0 |
| 14 | Министерство за локална самоуправа | 600.000 | 1.200.000 | 1.200.000 | 1.500.000 | 1.500.000 |
| | **ВКУПНО** | **1.707.903** | **3.115.476** | **3.415.476** | **3.338.390** | **5.200.465** |

Како што може да се види од табелата во 2011 година воопшто не е реализирана ставката на приходи во висина од 1.200.000 денари, за обврски по Договор за 2011 година по основ на трансфери од буџетот на РМ преку Министерство за локална самоуправа. Исто така за 2010 година трансферирани се само 900.000 денари од МЛС. Имено, согласно Договорот за кофинансирање Министерството за локална самоуправа не трансферира средства се додека не добие доказ од банка дека општините ги уплатиле средствата. Заради слабата уплата од страна на општините во 2011 година Министерството за локална самоуправа не ги трансферираше средствата од националниот буџет, наменети за тековно работење на Центарот.

Со оглед дека се работи за средства кои непосредно се врзани со функцијата и активностите на Центарот, реализацијата на овие побарувања е повеќе од неопходна.
Поблиска определба на приходите по извори и намената на расходите по корисници и ставки дадена е во годишната сметка.

***6.Јавни набавки***

Во текот на 2011 година подготвени се и спроведени дваесет и шест јавни набавки, од кои седумнаесет се од мал обем до вредност од 300.000 денари. Од набавките од мал обем со девет економски оператори е потпишана рамковна спогодба додека со осум оператори е потпишан договор за испорака на стоки и услуги. Седум јавни набавки се со вредност над 300.000 денари и сите се спроведени преку ЕСЈН. Од нив две се со барање за прибирање понуди со огласување и пет се отворени постапки со дирекна електронска аукција. Вредно е да се напомене дека 73 % од вкупната проценета вредност на сите набавки се направени по електронски пат преку Електронскиот систем за јавни набавки. Исто така од вкупната вредност на објавените постапки преку ЕСЈН, 84% завршиле со електронска аукција со што е задоволен пропишаниот законски квантум за 2011 година (70%). Сите податоци и прегледи доставени се во законските рокови до Бирото за јавни набавки и истите се објавени и достапни на електронскиот систем за јавни набавки. Само две постапки се поништени и повторно објавени заради немање на ниедна прифатлива понуда.

**Број 07 -1626/3-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на општина Охрид за 2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/2002 година), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( „Сл.весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 27.04.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средства во Буџетот на општина Охрид за 2012 година и тоа на следниот начин:

| Се зголемуваат приходите на следните поставки : | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 723119 Други помошни активности во образованието | 0 | 0 | 45,600 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **45,600** | **0** | **0** |

И се распоредуваат на следните потпрограми и расходи поставки:

**N 20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 0 | 4500 | 0 | 0 |
| 423120 Списанија,весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 0 | 400 | 0 | 0 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалоци | 0 | 0 | 4000 | 0 | 0 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 0 | 1,600 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 6,700 | 0 | 0 |
| 425920 Услуги за копирање,печатење и издавање | 0 | 0 | 900 | 0 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 27,500 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **45,600** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

**Број 07- 1626/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.03.2012 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01 -31.03. 2012 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1626/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изведба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.03.2012 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изведба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01-31.03.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/6**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/7**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.03.2012 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за периодот од 01.01-31.03.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01 ДО 31.03.2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување за периодот 01.01 до 31.03.2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 - 31.03.2012 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување за периодот од 01.01 -31.03.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1626/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески , с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.03.2012 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за периодот од 01.01 - 31.03.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/9** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** | **Претседател**
**О х р и д** | **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.03. 2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за периодот од 01.01.до 31.03. 2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/10**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.03.2012 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за периодот од 01.01- 31.03.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1626/10**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.03.2012 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за

периодот од 01.01 до 31.03.2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.-31.03. 2012 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01.-31.03. 2012 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.ДО 31.03.2012 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.до

31.03.2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.-31.03. 2012 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01- 31.03. 2012 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1626/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.03.2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за подршка на локалниот економски развој на

општина Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески , с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе :

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.03.2012 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01 - 31.03.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „ Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.-31.03.2012 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за потикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе :

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.03.2012 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01-31.03.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „ Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1626/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.03. 2012 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Охрид за периодот од 01.01 - 31.03. 2012 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник “на општина Охрид .

**Број 07 – 1626/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување приоритет на Проекти за водоснабдување и одведување отпадни води, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/16**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ бр. 5/02“) и член 18 од Статутот на Општина Охрид ( „Службен гласник на општина Охрид“ бр. 08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ**

**Член 1**

Се утврдува приоритет на проекти за надградба и тоа:

1. Изградба на фекална канализација во с. Лескоец втора фаза

2. Водоснабдување на Охрид и населените места од поранешната Општина Косел со вода од изворот Дувло.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид.

**Број 07-1626/16**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ ИЗЈАВАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Нацрт Изјавата за исполнување на услови по Договор за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/17**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид “ бр.8/07), во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европска инвестициона банка по Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ ( „Службен весник на РМ“ бр. 83/10), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година ја донесе следната:

**НАЦРТ-ИЗЈАВА**
**ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ“**

**Член 1**

Општина Охрид потврдува дека ги исполнува следните услови:

- Општина Охрид има формирано ЈП „Нискоградба“ кое има склучено соодветен Договор со општината за определената намена за одведување на отпадни води, кое постои специјално за оваа намена.
- ЈП „Нискоградба“ ги покрива услугите кои се донесуваат на одведување на отпадни води и не е оптоварено со долгови кој би го довеле во прашање неговото функционирање.
- ЈП „Нискоградба“ со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.
- Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината за секој Проект посебно.
- Сите досега финансирани проекти за одведување на отпадни води во општината Охрид од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.
- До колку општината не ги исполни условите од дадената одлука се обврзува да ги врати средствата во целост.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/17**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИ ВО ТРУПОТ НА ПАТОТ, ПАТНИОТ И ЗАШТИТНИОТ ПОЈАС, ЗА ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПАТ И ЗА ВОНДРЕДЕН ПРЕВОЗ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување висината на надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, за прекумерно користење на пат и за вондреден превоз, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/18**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за јавни патишта(„Сл.весник на РМ бр.84/08,52/09,114/09,124/10, 23/11, 53/11и 44/12) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год. ја донесе следната :

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИ ВО ТРУПОТ НА ПАТОТ, ПАТНИОТ И ЗАШТИТНИОТ ПОЈАС, ЗА ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПАТ И ЗА ВОНРЕДЕН ПРЕВОЗ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, за прекумерно користење на пат и за вонреден превоз .

**Член 2**

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во **трупот на патот** изнесува:

-за **асвалтирани** патишта…………….…............4.000.00 денари по метро должно

-за пат со **камени коцки и бехатон плочки**…2.000.00 денари по метро должно

-за **земјен** пат…………………………………............500.00 денари по метро должно

-за поставување на инсталации во **трупот на патот** со **премин со дупчење** изнесува 6.000.00 денари.

**Член 3**

За поставување на инсталации во **патниот и заштитниот** појас ( **пешачки патеки, тротоари и банкина**) висината на надоместокот изнесува 15% од вредноста на градежно земјените работи и 5% за надзор до 1000 метри должни, а за поголеми траси од 1000 метри должни изнесува 10% од вредноста на градежно земјените работи и 2% за надзор на стручни лица од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Надоместокот за поставување ормарче во патниот и заштитниот појас изнесува **3.000.00** денари.

**Член 4**

По завршувањето на градежните работи инвеститорот е должен прекопот да го доведе во првобитна состојба и да даде гаранција од 3 години по предавање на објектот.

**Член 5**

За прекумерно користење на јавен пат или дел од него ќе се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарни возила со носивост поголема **од 10 тона**, утврдена со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат и тоа 300.оо денари за секое возило дневно над просекот.

**Член 6**

Висината на надоместокот за вонреден превоз се утврдува во зависност од пречекорувањето на дозволените димензии на возилото должина, ширина и висина и се плаќа 300.00 денари/км.

**Член 7**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици и тротоари бр.07-2532/11 од 30.11.2006 год.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07– 1626/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател,**
**Охрид** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/19** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36, 67 и 68 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Службен гласник на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, ја донесе следната,

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид им ги отстапува на користење следните паркинг простори:

- „Булевар Македонски Просветители“ од пресекот со ул. „Булевар Туристичка“ до крај заедно со Кружниот тек на сообраќај.
- ул. „Кеј Маршал Тито“ по цела должина
- ул. „Партизанска“ по цела должина
- ул. „Димитар Влахов“ по цела должина
- ул.„Кузман Јосифоски Питу“ по цела должина
- Новопроектирана кај стара автобуска станица од пресек со ул. „Димитар Влахов“ до пресек со ул. „ Партизанска“
- ул. „Ванчо Николески“ по цела должина
- ул. „АСНОМ“ од пресекот со ул „Бул Туристичка“ до пресекот со ул. „Кеј Маршал Тито“
- ул. „Јане Сандански“ по цела должина
- Паркинг плац кај стара Стоковна куќа
- Паркинг плац кај Горна Порта
- ул. „Булевар Туристичка“
- паркинг простор пред плажа Горица 3
- паркинг простор пред плажа хотел Бетон
- Два паркинг простори во Лагадин.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 07-1626/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлука за внатрешна организација на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/02“) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за внатрешна организација на ЈП „ Билјанини Извори“ Охрид, донесена од Управниот одбор бр. 02-325/2 од 18.04.2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1626/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија(Сл.весник на РМ бр.38/96) и член 22 од Статутот на ЈП Билјанини Извори Охрид , Управниот одбор на ЈП Билјанини извори Охрид на состанокот одржан на ден 18.04.2012 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА**
**ЈП БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ ОХРИД**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

ЈП Билјанини извори Охрид е Јавно претпријатие основано за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори како дејности од јавен интерес за подрачјето на Општина Охрид и пошироко.

**Член 1**

Со ова Одлука а во согласност со Статутот на ЈП Билјанини извори Охрид се утврдува организацијата, односно делокругот на работа и начинот на извршување на задачите во Претпријатието, видовите на организациони облици, условите за нивно формирање и раководење со истите.

**Член 2**

Појдовни начела при утврдување на организацијата на Јавното Претпријатие се : оптимална организација заради извршување на работите од својот делокруг; рационално искористување на работната сила и трудот на работата; поекономично и постабилно работење; создавање материјални и други услови за непречено работење и пораст на личниот и општествениот стандард на вработените; одговорен однос кон потребите и барањата на граѓаните, градот и пошироката општествена заедница ,а кој произлегува од дејностите на Претпријатието.

## УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

**Член 3**

Со Јавното претпријатие управува Управен одбор.

Со работата на Јавното претпријатие раководи Директор кој го застапува и претставува претпријатието во односи со трети лица , го обезбедува спроведувањето на одлуките на Управниот одбор и превзема работи и дејствија кои се поврзани и вообичаени за водење на работите а се од интерес за Претпријатието.

Согласно Статутот, Директорот ја предлага организацијата и систематизацијата на претпријатието како и измени и дополнувања на истите.

Заради поуспешно и поефикасно раководење и координирање во вршење на работите, Директорот свикува стручен колегиум на кој присуствуваат раководителите на одделенија и одговорните на стручните служби.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 4**

Вработените во ЈП во согласност со Статутот и оваа Одлука, внатрешната организација на работа ја организираат во: **служби и одделенија.**

**Член 5**

**Службите** се формираат заради извршување на: нормативно-правни; кадрови работи; управување со човечки ресурси;информативно комуникациски; планско аналитички и статистички, материјално-финансиски, комерцијални и други стручно-административни работи.

**Со службата раководи шеф на службата.**

**Член 6**

**Одделението** претставува организациона , работна и техничко-технолошка целина за извршување на одреден утврден вид работи.

Одделението се формира за непосредно извршување на следните работи: одржување на отворените и затворените спортски терени и пливачки базени заради нивно нормално функционирање и организирање на спортски,рекреативни и културни манифестации .

**Со одделението раководи раководител на одделение.**

**Член 7**

Согласно утврдените дејности, Претпријатието се организира во следните служби и одделенија.

### АДМИНИСТРАТИВЕН СЕКТОР

1) **Заеднички служби**

- **Службата за правно-кадрови и општи работи, ги извршува следните работи:** следење на законските прописи и нивна примена;изготвување општи акти за Претпријатието; кадрова евиденција , технички работи околу прием и распоредување на вработените и исполнување на правата и обврските согласно правните прописи од областа на работните односи,припрема на целокупна документација во врска со утужувања и застапување пред надлежните судови и други државни органи , подготвување материјали за состаноци на Управен и Надзорен одбор, изготвување секаков вид на договори , одлуки, решенија, налози и други акти по налог на директорот , целокупна коресподенција во ЈП , архивско-дактилографски работи , заштита при работа ;безбедност, народна одбрана и др. работи;
- **Службата за сметководство и материјално-финансиско работење ги извршува следните работи:** следење на

законските прописи од областа на сметководственофинансиските работи и нивна примена , изработка на периодични и годишни финансиски извештаи,фактурирање и наплата на услугите; изработка на каматни листи и пресметка на даноци; изработка на плати за вработените ; следење на доверителско-должничките односи со комитентите , водење на платниот промет ; планско-аналитички и статистички и други работи;

- **Службата за јавни набавки ги извршува следните работи:** подготовка и спроведување на постапките за набавки ;магацинско работење; автоматска обработка на податоци и анализа; осигурување на имотот и други работи;

**2. ОДДЕЛЕНИЈА ;**

1. **Одделение за отворени спортски објекти:** ги врши работите поврзани со: одржување на спортски тревнати терени и објекти и други површини; издавање на истите на спортски клубови и други корисници, организирање на натпревари, припреми на спортски екипи ,издавање на корисници заради одржување на спортски,културни и друг вид манифестации; одржување на асфалтни терени, одржување на вододовдна и електрична инсталација, систем за залевање; одржување на земјоделски машини и алати.
2. **Одделение за затворени спортски објекти :** ги врши работите поврзани со одржување на објектите, издавање на истите; на спортските клубови, и федерации и други корисници за одвивање на спортски, културни и други вид на манифестации, издавање на деловни простории, одржување на електрична и водоводна инсталација, организирање на натпревари и првенства, припрема на спортски екипи.
3. **Одделение за јавни пакинг простори:** ги врши работите поврзани со издавање на јавни паркинг простори ,изградба, опремување и одржување на истите.
4. **Одделение за градски пливачки базен:** ги врши работите поврзани со одржување на пливачките базени и базенската техника, издавање на користење на спортски клубови, федерации и др. корисници, издавање заради одржување на спортски,културни и друг вид манифестации, како и организирање пливачки и ватерполо натпревари и првенства.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Измени и дополнување на оваа одлука се врши во истата постапка како и нејзиното донесување.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од Советот на Општина Охрид.

Со стапување во сила на ова Одлука престанува да важи Одлуката за внатрешна организација на Претпријатиетo бр.02-2/2 од 14.07.2008 година.

**Бр. 02-325/2**
**Од 18.04.2012 год.**
**О х р и д**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Муфти Руди с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИ САДОВИ ЗА ОТПАД ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА КОМУНАЛНАТА УСЛУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за субвенционирање за плаќање на специјални садови за отпад за корисниците на комуналната услуга , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/21**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36, 67 и 68 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Службен гласник на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За субвенционирање за плаќање на специјални садови за отпад за корисниците на комуналната услуга**

**Член 1**

Со оваа Одлука се субвенционира плаќањето на специјални садови за отпад на корисниците на комуналната услуга ( физички и правни лица) на подрачјето на општина Охрид .

**Член 2**

Општина Охрид ќе субвенционира 50% од цената на специјалните садови за отпад и тоа до 2000 садови од 120 литри и до 500 садови од 240 литри.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на општина Охрид , програма АО – Совет, конто 461130 – субвенции до јавни претпријатија **.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 07-1626/21**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА БОГОЈАВЛЕНИЕ ВОДИЦИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање одбор за подигање на спомен обележје за одбележување на Богојавление Водици, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/22**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Сл.весник на РМ“ бр.66/04),член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид

( „Службен гласник на општина Охрид“ број 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА БОГОЈАВЛЕНИЕ-ВОДИЦИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Одбор за подигање на спомен обележје за одбележување на Богојавление – Водици .

**Член 2**

Одборот за подигање на спомен обележје ќе го сочинуваат :

- **Душко Јаковчески - претседател**
- **Ванчо Чифлиганец - член**
- **Димитар Пендов - член**
- **Игор Никовски– член**
- **Паско Кузман - член**
- **Тања Паскали Бунташеска - член**
- **Серафим Наумоски - член**
- **Јоне Станковски – член**
- **Кирил Пецаков – член**
- **Верица Хајба – член**
- **Ана Снегар - член**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 07- 1626/22**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО НА КРАЈБРЕЖЕН ПРОСТОР НА ОПШТИНА ОХРИД, ВО ЗОНА ИСТОК 1, ПОТЕГ ЛАГАДИН-ПЕШТАНИ, ДЕЛ ОД БЛОК 7 ОПФАТ 1, 2009-2019**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место на крајбрежен простор на општина Охрид, во зона Исток 1, Потег Лагадин-Пештани, дел од Блок 7 опфат 1, 2009-2019, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/23**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО НА КРАЈБРЕЖЕН ПРОСТОР НА ОПШТИНА ОХРИД, ВО ЗОНА ИСТОК 1, ПОТЕГ ЛАГАДИН ПЕШТАНИ, ДЕЛ ОД БЛОК -7 ОПФАТ 1 2009-2019**

**Член 1**

Се донесува изменувањето и дополнувањето на урбанистички план вон населено место на крајбрежен простор на општина Охрид, во зона исток 1, потег Лагадин Пештани, дел од блок -7 опфат 1 2009-2019.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 1,30 ха.

Просторот на планскиот опфат по изменувањето и дополнувањето на урбанистички план вон населено место на крајбрежен простор на општина Охрид, во зона исток 1, потег Лагадин Пештани, дел од блок -7 опфат 1 2009 - 2019 е опфат на границите:

**Улица „1“, улица „ 2“, пристапна улица и по граница на кп. 3027, кп. 3026/2, кп. 3025, кп.3024, кп.3023„ кп.3022,кп 3018 , кп.3013, кп 3012, кп 3125,кп.1221 и кп.1219 .**

**Член 3**

Изменувањето и дополнувањето на урбанистичкиот план вон населено место на крајбрежен простор на општина Охрид, во зона исток 1, потег Лагадин Пештани, дел од блок -7 опфат 1 2009-2019, изработен од „ ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ ДОО Гостивар со технички број 03/09 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Изменувањето и дополнувањето на урбанистички план вон населено место на крајбрежен простор на општина Охрид, во зона исток 1, потег Лагадин Пештани, дел од блок -7 опфат 1 2009-2019, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Изменувањето и дополнувањето на урбанистички план вон населено место на крајбрежен простор на општина Охрид, во зона исток 1, потег Лагадин Пештани, дел од блок -7 опфат 1 2009-2019, се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 1626/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 1.4.1 НА КП.БР. 4626 ВО УЗ 11 УБ 11.4 КО-ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД 2011-2016

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување детален урбанистички план за градежна парцела бр. 1.4.1 на Кп.бр. 4626 во УЗ 11 УБ 11.4 КО-Охрид 4, општина Охрид 2011-2016, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/24**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР.11.4.1 НА КП 4626 ВО УЗ 11 УБ 11.4 – КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД 2011- 2016**

**Член 1**

Се донесува детален урбанистички план за градежна парцела бр.11.4.1 на кп 4626 во УЗ 11 УБ 11.4 – КО Охрид 4, општина Охрид 2011- 2016 .

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0.13 ха.

Просторот на планскиот опфат по детален урбанистички план за градежна парцела бр.11 е опфат на границите:

**Улица „ Андре Јованоски“ и соседните кп 4616, кп 4615, кп 4614, кп 4568, кп 4567, кп 4627 и кп 4625.**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.11.4.1 на кп 4626 во УЗ 11 УБ 11.4 – КО Охрид 4, општина Охрид 2011- 2016, изработен од „СНЕГАР КОМПАНИ“ ДООЕЛ Охрид со технички број 06/11 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.11.4.1 на кп 4626 во УЗ 11 УБ 11.4 – КО Охрид 4, општина Охрид 2011- 2016, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.11.4.1 на кп 4626 во УЗ 11 УБ 11.4 – КО Охрид 4, општина Охрид 2011- 2016, се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-1626/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ, КУЛТУРАТА, СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за критериумите и постапките за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид на организациите на подрачјето на општина Охрид од областа на спортот, културата, социјалната заштита и невладини организации, здруженија и фондации , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/25** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сужбен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („ Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27. 04.2012 год. ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА И УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ, КУЛТУРАТА, СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ , ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува постапката и се утврдуваат критериумите за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид на

организациите на подрачјето на Општина Охрид од областа на спортот, културата, социјална заштита и невладини организации здруженија, фондации и поединци.

**Член 2**

Општи критериуми кои треба да ги исполнуваат организациите од областа на спортот, културата, социјална заштита и невладини организации, здруженија и фондации се:

- Да се регистрирани согласно закон за што треба да поднесат решение за регистрација
- Да дејствуваат на територија на Општина Охрид
- Остварувањето на програмите и дејствувањето да се во рамките на Уставот и Законите на РМ

**Член 3**

Посебните критериуми кои организациите од областа на спортот треба да ги исполнуваат се:

- Да го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт
- Да поседува годишна програма на активности и истата да ја реализира
- Да го организираат и спроведуваат системот на натпревари
- Да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручни кадри
- Да се грижат за унапредување на младите категории
- Да не вршат политичко и верско организирање и дејствување
- Извештај за потрошените средства од претходната година(доколку користеле)
- Спортските клубови да имаат решение од Агенција за млади и спорт, за вршење на дејност спорт

**Член 4**

Посебните критериуми кои организациите од областа на културата треба да ги исполнуваат се:

- Со барањето за доделување на средства да достави основни податоци за организацијата
- Да поднесе програма за работа со позначајни активности и приоритети
- Да се вклучи во активности и манифестации организирани од општината
- Со своето работење да врши промоција на културните вредности на градот и државата
- Извештај за потрошените средства од претходната година(доколку користеле)

**Член 5**

Посебните критериуми кои треба да ги исполнуваат невладините организации и здруженијата на граѓани :

- Со барањето за доделување на средства да достави основни податоци за здружението(мисија, број на членови,позначајни реализирани проекти)
- Да поднесе програма за работа со позначајни активности за периодот за кој бара доделување на средства со спецификација на приоритети и финансиски параметри
- Согласност за сопствено финансиско учество во реализација на предлог -проектите и програмите
- Извештај за добиените средства од изминатата година (доколку има користено)
- Невладините организации и здруженијата при нивното аплицирање да доставуваат Програма за работа и извештај за работата во изминатиот период.

**Член 6**

Прибирањето на апликациите за доделување на финансиски средства ќе се врши со јавен повик кој ќе биде објавен на веб страната на општината и преку локалните медиуми , најдоцна до 31 октомври. Јавниот повик ќе трае 10 дена сметано од денот на објавувањето.

**Член 7**

Средствата за финансирање на субјектите од член 1, со решение ќе ги доделува градоначалникот на општина Охрид на предлог на Комисијата формирана за спроведување на постапката.

**Член 8**

Организациите на кои ќе им се доделат средства ќе бидат објавени на веб страната на општината најдоцна до 15 февруари.

**Член 9**

Доделените средства според оваа одлука, организациите се должни да ги користат согласно закон, за непрофитни цели и за намена за која им се доделени.

**Член 10**

Трансферот на финансиските средства до крајните корисници ќе се реализира согласно динамиката на реализација на Буџетот на Општината.

**Член 11**

Доколку корисникот ги користи финансиските средства ненаменски, должен е да ги врати средствата.

**Член 12**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07 – 1626/25**
**27.04. 2012 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување член од Надзорниот одбор на ЈП Градски Пазар Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/26**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот од Надзорниот одбор на ЈП „Градски Пазар“ Охрид :

- **КОСТАДИНКА НАУМОСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување член во Надзорниот одбор на ЈП Градски Пазар Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП “ГРАДСКИ ПАЗАР “ ОХРИД**

**Член 1**

За член во Надзорниот одбор на ЈП „Градски Пазар“ Охрид СЕ ИМЕНУВА :

- **МАРИНА КАЛАЧОСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1626/27**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ГАРАНЦИЈА ЗА КРЕДИТНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање гаранција за кредитно задолжување на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08–1626/28**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.61/04), член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/02“) и член 18 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ГАРАНЦИЈА ЗА КРЕДИТНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука општина Охрид дава гаранција за кредитно задолжување на ЈП „ Нискоградба Охрид “ Охрид .

**Член 2**

Како гаранција за задолжувањето се дава недвижниот имот на кп.бр.15556/2 на ул.„Димитар Влахов“ бр.57 Охрид , административно деловна зграда 1 влез 1, кат 2, со вкупна површина 176 м2 во КО Охрид 3 лист В, по ИЛ бр.90207, сопственост на општина Охрид .

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ГАРАНЦИЈА ЗА КРЕДИТНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање гаранција за кредитно задолжување на ЈП „Гадски гробишта“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 год.

**Број 08 -1626/29** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.61/04), член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/02“) и член 18 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ГАРАНЦИЈА ЗА КРЕДИТНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „ ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука општина Охрид дава гаранција за кредитно задолжување на ЈП „ Градски гробишта “ Охрид .

**Член 2**

Како гаранција за задолжувањето се дава недвижниот имот на кп.бр.15556/2 на ул.„Димитар Влахов“ бр.57 Охрид , административно деловна зграда 1 влез 1, кат 2, со вкупна површина 176 м2 во КО Охрид 3 лист В, по ИЛ бр.90207, сопственост на општина Охрид .

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1626/29**
**27.04.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на финансискиот план за 2011 година на Центарот за развој на Југозападниот плански регион | **2** |
| **2.** | Одлука за проширување на средствата во Буџетот на општина Охрид за 2012 година | **8** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година | **9** |
| **4.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изведба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година | **10** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година | **11** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување за периодот 01.01 до 31.03.2012 година | **12** |
| **7.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година | **14** |
| **8.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за периодот од 01.01.до 31.03. 2012 година | **15** |
| **9.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01 до 31.03.2012 година | **16** |
| **10.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.до 31.03.2012 година | **17** |
| **11.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за | **18** |

периодот од 01.01.-31.03.2012 година

**12.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за потикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2012 година **19**

**13.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2012 година **20**

**14.** Одлука за утврдување приоритет на Проекти за водоснабдување и одведување отпадни води **21**

**15.** Нацрт Изјава за исполнување на услови по Договор за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ **22**

**16.** Одлука за утврдување висината на надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, за прекумерно користење на пат и за вондреден превоз **24**

**17.** Одлука за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид **26**

**18.** Одлука за давање согласност на Одлука за внатрешна организација на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид **27**

**19.** Одлука за субвенционирање за плаќање на специјални садови за отпад за корисниците на комуналната услуга **31**

**20.** Одлука за формирање одбор за подигање на спомен обележје за одбележување на Богојавление Водици **33**

**21.** Одлука за донесување изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место на крајбрежен простор на општина Охрид, во зона Исток 1, Потег Лагадин-Пештани, дел од Блок 7 опфат 1, 2009-2019 **34**

**22.** Одлука за донесување детален урбанистички план за градежна парцела бр. 1.4.1 на Кп.бр. 4626 во УЗ 11 УБ 11.4 КО-Охрид 4, општина Охрид 2011-2016 **36**

**23.** Одлука за критериумите и постапките за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид на организациите на подрачјето на општина Охрид од областа на спортот, културата, социјалната заштита и невладини организации, здруженија и фондации **37**

| | | |
|---|---|---|
| **24.** | Одлука за разрешување член од Надзорен Одбор на ЈП „Градски Пазар“ Охрид | **40** |
| **25.** | Одлука за именување член во Надзорниот одбор на ЈП „Градски Пазар“ Охрид | **41** |
| **26.** | Одлука за давање гаранција за кредитно задолжување на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид | **42** |
| **27.** | Одлука за давање гаранција за кредитно задолжување на ЈП „Градски гробишта“ Охрид | **43** |